УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧЕН ПРОИЗВОД

**Tocopherol**
**филм-обложени таблети**

Упатството за пациентот содржи:

1.Што претставува **Tocopherol** и за што се употребува?
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Tocopherol** ?
3.Како да го земате/ употребувате **Tocopherol** ?
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Tocopherol**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

## 1. Што претставува Tocopherol и за што се употребува?

Витаминот Е е најважната состојка во антиоксидантниот систем на човечкото тело. Како витамин растворлив во масти, се акумулира во клеточните мембрани, честички на липопротеини во крвотокот и во масното ткиво. Екстремно брзо се врзува за слободните радикали на кислород, учествува во нивното истребување и спречува формирање на нови слободни радикали, со што ги штити полинезаситените масни киселини од оксидација и спречува оксидативно оштетување на клеточните мембрани.

Витаминот Е има корисен ефект во однос на подобрување на циркулацијата на крвта и мускулната активност кај воспалителни состојби, нарушувања на циркулацијата, како и кај предменструален синдром. Овој ефект се објаснува со влијанието на витамините врз синтезата на простагландин. Исто така, на витамин Е му се припишува заштитна улога во развојот на ракот кај пушачите, бидејќи е докажано дека спречува конверзија на нитрит во нитрозамини (канцерогени супстанции). Со сите овие ефекти, витаминот Е придонесува за заштита на телото од предвремено стареење, ги одржува функциите на нервниот и мускулниот систем, ја подобрува виталноста и целокупната активност.

## 2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Tocopherol

**Немојте да го земате/употребувате Tocopherol** доколку сте алергични на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Tocopherol**
Производот не смеат да го користат лица кои се преосетливи на било која од состојките на производот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.
Ако сте бремени, планирате бременост или доите, пред да почнете да го земате граничниот производ, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ

**Влијание врз психофизички способности**
Примената на Tocopherol не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои состојки на Tocopherol**
Препорачаната дневна доза не смее да се надмине!
Производот не смее да се користи од лица преосетливи на која било состојка во производот.
Витаминот Е не се препорачува за лица кои крварат или планираат операција.
Лицата кои се на терапија со орални антикоагулантни лекови, витамин К, амиодарон, циклоспорин, како и лекови кои ја спречуваат агрегацијата на тромбоцитите, можат да користат филм-обложени таблети Токоферол само по консултација со својот лекар.
Важни известувања: Производот е нутриционистички некомплетна храна и не е погоден за употреба како единствен извор на храна.

**Земање/употреба на други медицински производи**
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

**3.Како да го земате/употребувате Tocopherol**
Возрасни и деца над 6 години: 1 филм-обложена таблета дневно.

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Tocopherol**
Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Tocopherol**
Да се чува на температура до 25°C во оригинално пакување, заштитено од светлина и влага.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**
Дополнителен извор на витамин Е

| **Активна состојка** | **1филм-обложена таблета** | **%НРВ*** | **100 g** |
|---|---|---|---|
| Витамин Е (DL-α-токоферилацетат) | 10 mg TE | 83 | 3,85 g TE |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE MJETEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ

*НРВ- нутритивна референтна вредност

Состојки: средство против згрутчување: калциум хидрогенфосфат; средство за зголемување на волуменот: микрокристална целулоза; DL-α-токоферил ацетат; згуснувач: хидроксипропилметилцелулоза; стабилизатори: вкрстено поврзана натриум карбоксиметилцелулоза, магнезиум стеарат; боја Е 171; боја Е 101; средство за глазирање: макрогол 400; боја: Е 120.

**Изглед на граничен производ и пакување**

30 филм-обложени таблети

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:** Галеника а.д., Батајнички друм б.б., 11080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ